## Влада на Република Северна Македонија

Бр. 44-2282/35
Скопје, 28 април 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Четириесет и седмата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 април 2020 година**

**„ТОЧКА 1: Записник од Триесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 25 април 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 25 април 2020 година.“

**Прилог:**
- **Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија
- Стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: м-р Ирма Мандева
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 25 април 2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 25-04-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 44- | 2282/35 | | |

Архивски број: 08-780/35

# ЗАПИСНИК

**од Триесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 25 април 2020 година**

На 25 април 2020 година (сабота), со почеток во 10.00 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Триесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Тоше Зафиров и Бљерим Кољаљи, советници на Претседателот на Република Северна Македонија, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Зекир Јакупоски, заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација, не учествуваа Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:** Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**Точка 2:** Прашања и предлози

*

*    *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Исто така, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, информираше дека состојбата на клиниките и здравствените установи низ државата е стабилна и тековно се следат состојбите низ здравствени установи во Република Северна Македонија.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, ги информираше членовите на Владата дека во наредниот период ќе пристигне донацијата од околу 85 неинвазивни респираторни машини кои ќе бидат преземени од Франкфурт, Република Германија со владиниот воздухоплов Лирџет и ќе бидат транспортирани до Република Северна Македонија.

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски, информираше за состојбите и текот на активностите во објектите кои се користат како капацитети за сместување за државен карантин, дека состојбата е стабилна, со пополнетост од околу 750 места и доволен број на слободни легла.

Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, Аднан Џаферовски, информираше дека е завршена распределбата на заштитни маски за потребите на општините Куманово, Тетово и Прилеп, односно по 34.000 парчиња заштитни маски се распределени за користење за општините Куманово и Тетово, а 32.000 парчиња заштитни маски се распределени за општина Прилеп.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Да продолжат да важат претходно издадените дозволи за движење на вработени лица поради вршење на сменска и ноќна работа согласно пропишаниот образец кој се однесува на производствените капацитети или компаниите кои работат во трета и четврта смена, односно работодавачите да не вршат промена на датумот и временскиот период во образецот заради нивно усогласување со Одлуката за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.107/20).**

   **По овој повод, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да ги информира стопанските комори во Република Северна Македонија во однос на ова прашање, со цел преку стопанските комори да се информираат сите компании за продолжувањето на важноста и примената на издадените дозволи од работодавачите, без нивна измена во делот на временскиот период согласно забраната и посебниот режим на движење.**

Согласно ова, Министерството за внатрешни работи да достави телеграма до сите СВР-ОВР, со цел запознавање на припадниците на Министерството за внатрешни работи за важноста и примената на овие дозволи издадени од работадавачите.

Исто така, Секторот за односи со јавност на Владата на Репблика Северна Македонија, во текот на денешниот ден да испрати соопштение за јавноста во однос на ова прашање.

2. Го разгледа Барањето доставено од Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита, под бр. 0302-36/2 од 14.04.2020 година и констатира дека истото е надминато согласно Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20), донесена од Владата на Република Северна Македонија на 24 април 2020 година.

3. Го разгледа Барањето доставено од Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита, под бр. 0302-36 од 14.04.2020 година и констатира дека истото е надминато согласно Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20), донесена од Владата на Република Северна Македонија на 24 април 2020 година.

4. Го разгледа Барањето за измена на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.86/20), доставено од Здружение на превозници транспорт Легис – Скопје, под бр. 16/20 од 24.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за транспорт и врски, со цел доколку се оцени за потребно да се достави соодветен предлог за разгледување до Владата.

   Притоа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и образложи дека Министерството за транспорт и врски пристапило кон нормирање во уредба со законска сила од причина што претходните препораки дадени до превозниците не биле поитувани и спроведувани.

5. Го разгледа Барањето доставено од „Благој Ѓорев“ АД Велес, под бр. 02-133/1 од 24.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за економија, Министерството за финансии и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, со цел доколку се оцени за потребно и постојат оправдани причини да се достави соодветен предлог за разгледување до Владата.

6. Го разгледа дописот доставен преку електронска пошта од Анита Атанасовска од Занаетчиска комора Скопје и истиот го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Банката за развој на Северна Македонија, со цел доколку се оцени за потребно да се достави соодветен предлог за разгледување до Владата.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

7. Главниот координативен кризен штаб се информираше до дописот доставен преку електронска пошта од Министерството за надворешни работи по однос на одговорот од Цивилна воздушна пловидба, во врска со заклучокот број 8 од Триесет и третиот состанок, одржан на 23.04.2020 година.

8. Ги разгледа предлог-мерките за справување со здравствената и економска криза, доставени од МАКАМ-ТРАНС, под бр. 03-35/1 од 224.04.2020 година и истите ги проследи на разгледуање и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за економија и Банката за развој на Северна Македонија, со цел доколку се оцени за потребно да се достави соодветен предлог за разгледување до Владата.

9. Го разгледа Барањето доставено од в.д. директорот на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци" – Скопје, под бр. 09-127/1 од 24.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука со цел доставување на насоки до барателот дека ова барање се надминува со Уредбата со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/20), донесена од Владата на Република Северна Македонија на 2.04.2020 година, а вработеното лице во училиштето да организира враќање во Република Северна Македонија имајќи предвид дека постојат услови за организирање и реализирање на патувањето.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

10. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта од Виолета Младеновска, GIANNVIKI ДОО, Скопје и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за надворешни работи, со цел утврдување на постоење на општествен или економски интерес за реализирање на ова барање.

Доколку постои оправданост, Министерството за надворешни работи да го реализира ова барање со спроведување на лицето во задолжителен државен карантин.

11. Го разгледа Барањето доставено од Фабрика за квасец и алкохол АД – Битола, под бр. 03-350 од 25.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за надворешни работи имајќи предвид дека странските државјани за кои се бара дозвола за влез на територија на Република Северна Македонија имаат дозвола за привремен престој и доколку постои општествен или економски интерес да се реализира ова барање.

Доколку постои оправданост, Министерството за надворешни работи да го реализира ова барање со спроведување на лицата во задолжителен државен карантин.

12. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта за прием на гости во хотелите за претстојните првомајски празници, доставено од ВИП Хотел – Берово и истото го проследи на разгледување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел доколку се утврди оправданост на барањето, за наредниот состанок на Главниот координативен кризан штаб да се достави соодветен предлог за разгледување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

13. Го разгледа Барањето доставено од ЈП за железничка инфраструктура, Железници на Република Северна Македонија, под бр. 0204-2165/1 од 23.04.2020 година и констатира дека истото е надминато согласно Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20), донесена од Владата на Република Северна Македонија на 24 април 2020 година.

14. Го разгледа Барањето доставено од ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“ од Прилеп, под бр. 03-369/1 од 22.04.2020 година и констатира дека истото е надминато согласно Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20), донесена од Владата на Република Северна Македонија на 24 април 2020 година.

15. Го разгледа Барањето доставено од ЈП Водовод и канализација Струга, под бр. 03-364/1 од 21.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Министерството за економија, со цел доколку се оцени за потребно да се разгледаат можностите и да се утврди соодветен начин за реализирање на предметното Барање.

16. Го разгледа и го одобри Барањето согласност за извоз на дезинфициенси, доставено од АЛКАЛОИД АД Скопје, под бр. 09-3818/1 од 23.04.2020 година, имајќи предвид дека Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24.04.2020 година, донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

17. Го разгледа Одговорот доставен оод Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, под бр. 03-6500/1 од 23.04.2020 година и истиот го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел во заедничка соработка со Фондот, доколку се оцени за потребно и оправдано, да се направи план, под посебни заштитни протоколи, за постепено отпочнување со работа на приватните здравствени стоматолошки установи и приватни лекари по дентална медицина.

18. Го разгледа Барањето доставено од Министерството за финансии – Царинска управа, под бр. 04-022598/20-0001 од 23.04.2020 година и констатира дека истото е надминато согласно Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20), донесена од Владата на Република Северна Македонија на 24 април 2020 година.

19. Го разгледа Барањето доставено од Секторот за заштита и спасување на Град Скопје и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Дирекцијата за заштита и спасување, со цел доколку Дирекцијата го оцени за оправдано и располага со бараните материјали, истите да ги отстапи како донација за потребите на територијалната противпожарна единица – Скопје.

20. Го разгледа Барањето доставено од Берат Дехари за добивање одобрени за непречено движење на лицата Рефет Дехари и Ругул Дехари низ територија на Република Косово, до аеродромот во Приштина и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за надворешни работи, со цел да се воспостави понатамошен контакт со надлежните служби/институции во Репблика Косово за да се разгледаат можностите за реализирање не предметното Барање.

21. Го разгледа и го одобри Барањето дозвола за извоз на антисептици и дезинфициенси, доставено од ФОБАС КОМПАНИ ДООЕЛ, Скопје, под бр. 39/2020 од 22.04.2020 година, имајќи предвид дека Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24.04.2020 година, донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

22. Го разгледа Барањето за давање дозвола за излез од објект од државен карантин (Хотел Ибис во Скопје), доставено од Бранислав Стоевски, Даниел Стоевски и Ивица Младеновски и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство и д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, со цел Министерството детално да ја провери доставената медицинска документација и да ја оцени здравствената состојба на овие лица и доколку барањето се оцени за опрвадано, истите да бидат спроведени во самоизолација.

*

* *

<u>**По однос на точката 2 од Дневниот ред,**</u> немаше прашања, ниту предлози.

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

*

*          *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

*          *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**



Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS